**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 48 став 2 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18), член 49 од Статутот на Народната банка на Република Северна Македонија Ст. бр. 02-15/IV-1/2011 од 21.04.20011 година, О. бр. 02-15/III-4/2012 од 29.03.2012 година, О. бр. 02-15/II-10/2016 од 25 февруари 2016 година, О бр. 02-15/XV-3/2018 од 27 септември 2018 година и О. бр. 02-15/VII-5/2019 од 25 јули 2019 година и точките 5, 6, 9, 10, и 11 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи О. бр. 02-15/III-16/2011 од 31.03.2011 година и О. бр. 02-15/VIII-7/2014 од 31 јули 2014 година, гувернерката на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# **Р Е Ш Е Н И Е**

## **за формирање Одбор за оценување трудови за Годишната награда за млади истражувачи за 2021 година**

1. Се формира Одбор за оценување трудови за Годишната награда за млади истражувачи од областа на макроекономијата и банките и банкарските системи за 2021 година, во следниов состав:

- Гадаф Реџепи, член на Советот на Народната банка на Република Северна Македонија, претседател на Одборот;
- Билјана Давидовска-Стојанова, директорка на Дирекцијата за монетарна политика и истражување, член на Одборот и
- Гани Рамадани, раководител во Дирекцијата за монетарна политика и истражување, член на Одборот.

2. Одборот за оценување од точка 1 на ова решение ќе изврши стручна оценка на пристигнатите трудови на објавениот конкурс за Годишната награда на Народната банка на Република Северна Македонија за 2021 година и ќе достави предлог за избор на најдобар труд од областа на макроекономијата и банките и банкарските системи, со образложение до гувернерката на Народната банка.

Одборот за оценување од точка 1 на ова решение, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави и предлог за доделување награда на второрангираниот труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е со квалитет близок до прворангираниот труд.

Доколку Одборот за оценување од точка 1 на ова решение смета дека ниту еден од пристигнатите трудови не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог за оваа година да не се доделува награда.

3. Ова решение стапува во сила на денот на потпишувањето.

Образложение

За спроведување на Конкурсот за доделување на годишната награда, потребно е формирање на Одборот за оценување. Формирањето на Одборот за оценување, составот и неговите надлежности се предвидени во точките 5, 6, 9, 10, и 11 од Одлуката за доделување годишна награда за млади истражувачи. Согласно со овие точки гувернерот со  Решение ги назначува претседателот и членот на Одборот за оценување којшто се состои од тројца членови, од кои најмалку еден е лице кое не е вработено во Народната банка, а еден од членовите е претседател на Одборот.

Одборот за оценување, покрај предлогот за најдобар труд, може да достави до гувернерот и предлог за доделување награда за второрангираниот труд, доколку оцени дека некој од пријавените трудови е исто така со квалитет којшто отскокнува од останатите. Доколку Одборот за оценување смета дека ниеден од трудовите не ги исполнува условите за добивање награда, може да даде предлог до гувернерот во тековната година да не се доделува награда. Одборот за оценување доставува до гувернерот предлог за најдобар труд со образложение, најдоцна 10 дена пред денот на доделување на Годишната награда.

Врз основа на предложениот состав од Кабинетот на гувернерот, се донесе одлука како во диспозитивот.

Бр. 02-2994/2

8 февруари 2021 година

Скопје

Гувернер

д-р Анита Ангеловска-Бежоска